# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА СКРИПТАТА „ОСНОВИ НА НАУКА ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ 1“ ОД ДОЦ. Д-Р АЦО ЈАНЕВСКИ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, број 2802-82/8 од 29.10.2013 година, определени сме за рецензенти на скриптата „ОСНОВИ НА НАУКА ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ 1“ од авторот доц. д-р Ацо Јаневски од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на доставениот материјал го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата „Основи на наука за материјалите 1“ првенствено е наменета за студентите од Технолошко-техничкиот факултет по предметот Основи на наука за материјалите 1. Предметот Основи на наука за материјалите 1 се слуша во втор семестар, со фонд од 2 (два) часа неделно на студиската програма Нови технологии и материјали.

Скриптата „Основи на наука за материјалите 1“ се состои од дванаесет тематски целини: 1. Вовед – класификација на материјалите; 2. Структура на атомот и врски помеѓу атомите; 3. Кристална структура на цврстите материјали; 4. Несовршености, дефекти во материјалите; 5. Дифузија; 6. Фазни дијаграми; 7. Керамички материјали; 8. Полимерни материјали; 9 Термички својства; 10 Електрични својства; 11 Магнетни својства; 12 Оптички својства.

На 157 страници, во 96 лекции, со 141 илустрации е обработена материјата од основите на науката за материјалите.

Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и целосно ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Скриптата е напишана на јасен и разбирлив јазик со технички прецизни дефиниции. Одлично е илустрирана со 141 слика, 16 табели и многу јасно дефинирани формули. Сите единици во ракописот се во склад со меѓународниот систем на мерни единици.

Според нашите сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина што одговара на предвидената Наставна програма по предметот Основи на наука за материјалите 1 на Технолошко-техничкиот факултет при УГД не е објавена.

Квалитетот на скриптата од педагошки и научен аспект е соодветен за студенти на прв циклус студии.

Заради тоа, скриптата ја категоризираме како рецензирана скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Димко Димески, с.р.**
**Проф. д-р Винета Сребренкоска, с.р.**